СЕКТОРСКА АНАЛИЗА за СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

ноември, 2024

Нарачател: Здружение ВОЛВОКС – Битола
Автор: д-р Мимоза Богданоска Јовановска
Документот е изработен во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите“, финансиран од владата на Швајцарија преку програмата Цвика мобилитас. Носител на проектот е Про Локал Битола.
ноември, 2024

С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД 4

МЕТОДОЛОГИЈА 5

ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ 6

АНАЛИЗА НА ТЕКОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ОБРАЗОВАНИЕТО 7

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 7

ОБРАЗОВАНИЕ.....18

ПРЕПОРАКА.....26

ОНЛАЈН ИЗВОРИ 29

ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

РСМ	Република Северна Македонија
ППР	Пелагониски плански регион
ЦСР	Центар за социјална работа
МТСП	Министерство за труд и социјална политика
ЗЛС	Закон за локална самоуправа
ЗСЗ	Закон за социјална заштита
МЦ	Младински центар

ЛИСТА СО СЛИКИ

Слика 1. Процентуална застапеност на младите по општини во ППР

Слика 2. Резултати поврзани со информираноста на испитаниците за мерките за социјална заштита

Слика 3. Резултати поврзани со задоволството од мерките за социјална заштита

Слика 4. Резултати поврзани со информираност на младите за постоење на центри кои работат во областа на социјалната заштита

Слика 5. Приказ на резултатите поврзани со понудената мерка дека општината организира курсеви за стекнување потребни вештини

Слика 6. Приказ на резултатите поврзани со информираноста на младите за постоење на невладини организации во општината кои се занимаваат со едукација и за нивната меѓусебна соработка

ЛИСТА СО ТАБЕЛИ

Табела 1. Приказ на Пелагонискиот плански регион

Табела 2. Социјални услуги и нивна застапеност по општините во ППР

Табела 3. Преглед на застапеноста на различен вид институции во областа на образованието по општини

ВОВЕД

Како резултат на вложени напори за зајакнување на локалните капацитети, општините во континуитет бележат позитивен развој во речиси сите области на општествениот живот. Сепак, бројните предизвици во секоја од областите оставаат простор за нови проширувања на услугите преку кои општините ќе им овозможат на своите граѓани подобрување на нивната благосостојба.

Развивањето на системите за социјална заштита и образование претставуваат два основни столбови во функционирањето на локалната заедница, кои директно го обликуваат квалитетот на животот на граѓаните и дирекно влијаат врз нивното чувство на припадност и поврзаност со заедницата.

Оваа анализа претставува преглед на тековните состојби во областа на социјалната заштита и образованието во општините што припаѓаат на Пелагонискиот плански регион (ППР) и служи како основа за формулирање препораки насочени кон понатамошно унапредување на овие области. Намерата е нејзината содржина да биде корисна за стручната и поширокатa јавност, како и за граѓанските организации кои работат во овие сектори во регионот. Но, анализата пред сè е наменета за креаторите на политики и локалните носители на одлуки, кои во предложените препораки можат да пронајдат поттик и насоки за развивање на идни активности во областа на социјалната заштита и образованието во своите општини.

При истражувањето на кое се темели анализата користен е комбиниран метод на собирање на податоци: (1) интернет базирано он-деск и (2) теренско истражување, кое вклучуваше два вида на алатки: анкетен прашалник наменет за младите од 15 до 29 години и полуструктурирано интервју наменето за службени лица и советници во општините.

Извештајот е квалитативен, подготвен во електронска форма.

МЕТОДОЛОГИЈА

При изработка на анализата, појдовна точка беше констатацијата дека општините во состав на Пелагонискиот плански регион во рамки на нивните надлежности имаат потреба од постојано подобрување на состојбите во областите на социјална заштита и образование.

Целта на анализата е утврдување на моменталната состојба во областите на социјална заштита и образование на локално ниво во општините во состав на ППР во однос на потребите на младите и давање препорака за идна мерка за нивно подобрување.

Истражувањето се реализира во неколку фази и опфати примена на низа методи и алатки со цел собирање на релевантни податоци неопходни за креирање на анализата. Обезбедувањето на податоци се одвиваше преку анализа на примарни и секундарни извори на информации. Како методи на истражување беа применети: интернет базирано он-деск истражување и теренско истражување. Он-деск истражувањето се реализира преку анализа на содржина на веб-страниците на деветте општини на ППР и Центарот на ППР, законската регулатива и надлежностите на општините во наведените области, расположливата документација, одлуки донесени на ниво на општина и Совет на општина, како и буџетските ставки поврзани со наведените области. Теренското истражување се оствари преку реализација на полуструктурирано интервју; разговор во фокус групи и онлајн анкета. Целните групи во истражувањето беа различни: интервјуирани беа службеници во општинската администрација на позиции поврзани со образованието и социјалната заштита; фокус групите ги вклучија сите клучни чинители во двете области; онлајн анкетата се однесуваше на младите луѓе на возраст од 15 до 29 години во ППР.

Временската рамка за реализација на истражувањето беше во периодот од октомври 2024 година до октомври 2025 година.


ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Пелагонискиот плански регион е најголем регион од вкупно осум региони во РСМ, трет по вкупен број на население, на шесто место по густина на население и со учество од 11 % во вкупното население, како трет најнаселен регион после Скопскиот и Полошкиот плански регион[1]. Состојбата на ППР генерално, а посебно во поглед на младите на возраст од 15 до 29 години по општини е прикажана во Табела 1 и Слика 1.

Табела 1. Приказ на Пелагониски плански регион

ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН	Број на општини	Број на населби	Површина		Население		Учество на млади	
			км^2	%	Жители	%	Бројно	%
ВКУПНО	**9**	**343**	**4.717**		**210.431**		**34.696**	**16,5**
Урбани	5	5	80	1,7	147.034	87,4		
Рурални	4	338	4.637	98,3	63.397	12,6		

Слика 1. Процентуална застапеност на младите по општини во ППР



[1] Програма за развој на Пелагонискиот плански регион 2015 – 2019.

Според индикаторите за пазарот на труд, ППР има стапка на активност на населението од 64.5 %, стапка на вработеност од 56 %, стапка на невработеност од 13.1 % и со 2,08 % е регион со најголема стапка на слободни работни места[2].

АНАЛИЗА НА ТЕКОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ОБРАЗОВАНИЕТО

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Голем дел од најзначајните активности на државата како и на локалната самоуправа – општините, е насочен кон создавање на стабилен и функционален систем на социјална заштита. Социјалната заштита се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита[3]. Таа е дејност од јавен интерес со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на нивните капацитетите за водење независен, активен и продуктивен живот. Социјалната заштита како клучен столб за поддршка на населението подразбира преземање и овозможување на јавни услуги за граѓаните и создавање на социјална кохезија и инклузивност.

[2] Николоски, Д. 2020. Студија со секторска анализа на пазар на труд. Министерство за локална самоуправа. Швајцарска агенција за развој и соработка.

[3] Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје. 2017. Социјална заштита и вклученост на локално ниво, Збирка на мониторинг извештаи. Проект финансиран од ЕУ. EuropeAid/135-012/M/ACT/MK

Нормативна рамка. Вкучувањето на социјалната заштита во локалните политики и програми на општините е уредено со три основни закони: Закон за локалната самоуправа (ЗЛС)[4], Закон за социјалната заштита (ЗСЗ)[5], Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа[6], како и четири специфични закони: Закон за социјална сигурност за старите лица[7], Закон за заштита на децата[8], Закон за семејство[9] и Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[10]. Поширокатa рамка на документи со кои се регулира социјалната заштита опфаќа: програми (за социјална заштита на општината, за превенција од социјални ризици)[11], стратегии (за локален економски развој)[12], акциони планови, итн.

Согласно член 70 од ЗСЗ, социјалните услуги вклучуваат:

(1) информирање и упатување на граѓаните за нивните права во оваа област;

(2) стручна помош и поддршка на поединец и семејство;

(3) советување;

(4) услуги во домот;

(5) услуги во заедницата; и

(6) услуги за вон-семејна заштита.

Според ЗСЗ, општините имаат надлежност да формираат тела кои ќе се занимаваат со

[4] Закон за локалната самоуправа, „Службен весник на РСМ“, бр. 104/2019 год. и 146/2019 год.
[5] Закон за социјалната заштита, „Службен весник на РМ“, бр. 79 од 24.06.2009 год.
[6] Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, „Службен весник на РМ“, бр 61/04 год., 96/04 год., 67/07 год., 156/09 год. и 47/11 год.
[7] Законот за социјална сигурност за старите лица, „Службен весник на РСМ“, бр. 104 од 23.05.2019 год.
[8] Законот за заштита на децата, „Службен весник на РСМ“, бр. 146 од 17.07.2019 год.
[9] Законот за семејство, „Службен весник на РМ“, бр. 153 од 20.10.2014 год.
[10] Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, „Службен весник на РМ“, бр.150 од 02.09.2015 год.
[11] Програма за остварување на социјалната заштита за 2024 („Службен весник на РСМ“, бр. 287 од 29.12.2023 год.), Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 246 од 28.12.2018)
[12] Национална стратегија за стари лица 2010 – 2020, Министерство за труд и социјална политика (МТСП); Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010 – 2020, МТСП; Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010 – 2018 година, МТСП; Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016 – 2020, МТСП.

оваа проблематика. Секое од наведените тела има обврска за идентификување на ранливи групи; собирање и увид на податоци проследено со споредбени анализи; како и задача да идентификува приоритетни мерки во областа.

На општинско ниво, согласно законската регулатива, се формираат Центри за социјална работа (ЦСР) кои имаат многу поголем делокруг на работа и поголем опфат на социјално ранливи групи, од оние кои ги има самата општина.

Делување на локалната самоуправа. Општините од сопствени средства можат:

1) да финансираат програма за социјална заштита на граѓаните над нивото што го обезбедува државата;
2) да основаат други јавни установи за институционална и вон-институционал-на заштита (јавни или дневни центри со различна намена);
3) да доделуваат парична помош при тоа определувајќи го начинот на остварување на ова право;
4) да организираат различните облици на социјална заштита во вид на едукација и подигање јавната свест.

Од аспект на услугите во делот на социјалната заштита општините во состав на ППР согласно условите и можностите, визијата и ставовите на актуелното раководство имаат различен опфат, прикажан во Табела 2.

Табела 2. Социјални услуги и нивна застапеност по општини во ППР[13]

Реализирани услуги во областа на социјалната заштита	Општини каде се застапени услугите од социјалната заштита
Еднократна парична помош на загрозени и ранливи категории (вклучувајќи попреченост, помош и нега од друго лице, за домување)	Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар, Крушево, Долнени, Кривогаштани, Новаци и Могила
Еднократна помош за прваче	Демир Хисар
Еднократна помош за новороденче	Прилеп
Стипендии	Прилеп и Новаци
Дом за стари лица	Битола и Прилеп
Центар за социјална заштита	Битола, Прилеп, Демир Хисар, Ресен и Крушево
Информации за тековни проекти за помош – услуги во домот	Прилеп, Долнени, Кривогаштани и Крушево
Официјалната веб-страница на општината има опција за лица со пропреченост	Битола и Новаци

Дел од предвидените мерки за социјална заштита кои се однесуваат на младите во голем дел се сведува на посакувани активности, на пример: општина Могила во Програмата за социјална заштита за 2022 год. има забележано „Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност“ или во документите поврзани со социјалната заштита на Општина Битола, Прилеп и Новаци постои „Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувачка работа и психосоцијална поддршка за различни категории граѓани во социјален ризик“. Но, ни во едниот ни во другиот пример нема податок дека тоа што се предлага се реализирало или пак конкретно насочување каде може да се добие таквата поддршка како

[13] Напомена: Податоците прикажани во Табела 2, кои се однесуваат на услугите во областа на социјалната заштита, не се секогаш лесно достапни или целосно проверливи, поради што постои можност за одредени пропусти во информациите за поединечни општини.

и тоа дали таква поддшка воопшто постои. Заклучокот е дека општините повеќе се декларативни - свесни дека наведената услуга е потребна, но без конкретен план и акција за нејзино реализирање.

Ниту една општина на својата официјална веб-страница нема категорија „Услуги за социјална заштита“ за лесен пристап до информации, совети и упатства во врска со овие услуги кои ги нуди општината. Информациите поврзани со парична помош или услуги за социјална заштита се сместени во документи, извештаи и програми, кои се тешко достапни до граѓаните т.е бараат поголема умешност при пребарувањето, или пак во јавни повици за доделување на средства како еднократна помош во кои е даден преглед на условите кои се потребни да се исполнат за да се добијат средствата. Ваквите повици имаат временска ограниченост и по завршувањето на повикот истите се архивираат, преку што е тешко да се лоцираат на веб-страниците.

Организациска поставеност на областа социјална заштита. Согласно ЗСЗ општините имаат неколку нивоа на организирање на оваа област. Во рамките на организациската шема на општините, постојат различни институционални решенија: сектор, одделение и работно место кое се занимава со оваа проблематика, или социјалната заштита може да биде дел од заедничко одделение или сектор на општината, кое исто така опфаќа јавни дејности, информатичка технологија и економски развој. Така на пример, ингеренциите за оваа област се во рамките на Одделение за јавни дејности (Битола), во Одделение за правни и општи работи и јавни дејности (Крушево и Долнени)[14], Сектор за Поддршка на градоначалникот – Одделение за јавни дејности (Прилеп). Анализата на конкретните состојби по општини укажува дека организациската поставеност на областа на социјалната заштита во општините варира во зависност од нивната внатрешна структура, при што оваа

[14] Во јавни дејности влегува социјална заштита, покрај култура, образование, спорт и здравствена заштита, еднакви можности, и информации од јавен карактер.

област најчесто е интегрирана во поширок организациски единици кои опфаќаат повеќе јавни дејности. Оваа ситуација укажува на недоволна институционална приоритизација на социјалната заштита на локално ниво, што може да влијае врз ефективноста и видливоста на политиките и услугите во оваа област.

Согласно Законот за социјална заштита општините имаат обврска и сите ја исполниле истата – формирале Совет за социјална заштита, како и различни комисии за делување во областа.

Буџет. Сите општини во рамките на ППР, согласно ЗСЗ (член 11), имаат донесено документи во кои се наброени локални мерки и активности за социјална заштита. Ваквите документи (програми, стратегии, акциони планови) се усвоени и за нив се донесени одлуки. Општините, во рамките на можностите, обезбедуваат средства од буџетот кои се користат за имплементација на предвидените активности и мерки. Податоци за средствата наменети за социјална заштита се дадени во буџетот на општината (во вкупен износ) додека во Социјалниот план и извештајот за реализирани активности, детално се дадени ставките и износите кои се потрошени за реализација на поединичните активности.

Буџетите на општините се разликуваат, и варираат од година во година, со тоа што во еден период има зголемување на износите предвидени за социјална заштита, додека кај други е очигледно намалувањето на буџетот. Конкретно, за 2024 год. општините Битола и Новаци имаат благо зголемување на буџетот за социјална заштита додека во буџетот на општините Демир Хисар и Прилеп средствата наменети за социјална заштита се намалени во споредба со претходната година. За општините Кривогаштани, Могила и Ресен постојат потешкотии да се дојде до буџетот, а со тоа и до податок за издвоени средства за социјална заштита.

Врз основа на овие информации, се заклучува дека иако сите општини во рамките на Пелагонискиот плански регион формално имаат усвоени документи и мерки за социјална заштита и обезбедуваат средства за нивна имплементација. Анализата на буџетите покажува значителни разлики во износите и трендовите на финансирање меѓу општините што укажува на недоволна финансиска конзистентност и приоритетизација на оваа област. Дополнително, ограничената достапност до буџетските податоци во одредени општини ја отежнува целосната транспарентност и сеопфатна анализа на вложувањата во социјалната заштита.

Документација поврзана со социјалната заштита на општинско ниво. Програма/план за социјална заштита има секоја општина, но општините не креираат поединечна Програма за превенција од социјални ризици. За своите потреби општините креираат различни програми и стратегии, а посебен акцент имаат Ромите како социјално загрозена заедница. Некои од општините, оние со поголем буџет, со цел полесно и унифицирано функционирање, донесуваат и правилник за доделување на средствата (Битола).

Соработка со граѓански сектор. Овој вид соработка на општините е евидентен преку (1) активностите на оформените тела во областа на социјалната заштита, кои преку јавни повици овозможуваат партиципативност на граѓаните во процесот на креирање на јавните политики во делот на социјалната заштита (пр. Битола и Прилеп), и преку (2) можноста дел од услугите за социјална заштита да ги делегираат на здруженија на граѓани, финансиски помагајќи ги преку доделување на грантови - средства за одобрени проекти со што се генерира голем придонес за зајакнување на дијалогот меѓу општината и граѓанскиот сектор.

Анализата покажа дека ниту една од општините нема формирано сопствени центри за поддршка во областа на социјалната заштита. Наместо тоа, ваквите услуги најчесто ги обезбедуваат граѓански организации, поединци или институции преку центри што

функционираат независно од локалната самоуправа (како што е примерот со центрите за социјална работа). Дополнително, овие центри ретко се финансирани од општините, а кога има поддршка, таа најчесто е ограничена на краткорочни проектни активности. Во центрите кои даваат услуги во рамките на социјалната заштита најчесто се нудат услуги како кариерно, здравствено, брачно и семејно советување. Најбројни се центрите за психолошка поддршка. Вакви форми на поддршка се речиси исклучиво присутни во урбаните средини, додека во руралните општини се забележуваат само поединечни примери како здружението „Соживот“ во селото Лажани, општина Долнени, кое работи на унапредување на меѓуетничките односи и помош за стари лица и лица со попреченост.

Резултати од теренско истражување. Добиените одговори од испитаниците - младите луѓе на возраст од 15 до 29 години од деветте општини во состав на Пелагонискиот плански регион посочува на состојба која бара преземање на итни мерки за подобрување во областа на социјалната заштита од страна на општините.


Одговорите на прашањата поврзани со информираноста на испитаниците за социјалната заштита покажаа дека 55,6 % од нив не знаат дали нивната општина обезбедува мерки за социјална заштита, а 68,9 % од испитаниците не знаат кои мерки за социјална заштита ги обезбедува нивната општина (Слика 2).

Слика 2. Резултати за информираноста на испитаниците за мерките за социјална заштита



Вкупниот резултат од прашањата поврзани со задоволството на испитаниците со услугите кои општината ги обезбедува за граѓаните покажа дека 44,4 % од испитаниците се изјасниле дека „малку се задоволни“ од услугите, 37,8 % се изјасниле дека „се задоволни“ од услугите и 17,8 % од испитаниците се изјасниле дека „воопшто не се задоволни“ од услугите, а нема испитаници кои „целосно се задоволни“ од услугите за социјална заштита.

Слика 3. Резултати поврзани со задоволството од мерките за социјална заштита



На прашањето „Дали можете да ги препознаете мерките на социјална заштита кои ги има во Вашата општина?“ беа понудени следните мерки за социјална заштита:

1) Еднократен надомест за: прваче/новороденче/погреб/болест/лице со инвалидитет;
2) Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства, социјални пакети;
3) Поддршка на лица жртви на семејно насилство/припадници на маргинализирани групи (лица лекувани од болести на зависности, бездомници, поранешни


затвореници и сл.);

4) Располагање со простор кој би бил наменет за згрижување на бездомните/ромската популација;
5) Бесплатен превоз за ученици;
6) Превенција од детско престапништво;
7) Општина по мерка на детето/младиот човек: финансиска помош при почеток на школска година/при матурирање/поддршката на талентирани деца од социјално загрозени семејства;
8) Новогодишни подароци за деца без родители/деца со посебни потреби;
9) Бесплатната правна помош на граѓаните (изработка на жалби, молби, тужби ...).

Позитивни одговори од страна на испитаниците беа дадени единствено за неколку видови еднократна помош (за прваче, за новороденче, за семејно загрозени семејства) како и за бесплатниот превоз за ученици.

Резултатите добиени од прашањето поврзано со препознавање на институциите/центрите кои ги има во нивната општина се дадени на Слика 4.

Слика 4. Резултати поврзани со информираност на младите за постоење на центри кои работат во областа на социјалната заштита



На прашањата поврзани со иницирање на идеи за нови мерки за социјална заштита само

24,4 % имаат предлог за нова мерка за социјална заштита (без да го впишат предлогот во полето кое е оставено за таа намена), 20 % немаат никаков предлог, а дури 55,6 % од испитаниците воошто не размислуваат за предлог – мерка за социјална заштита. Не земајќи ги предвид сите останати фактори кои влијаат врз одлуката за емигрирање од општината во која живеат, дури 60 % од испитаниците се изјасниле дека би останале да живеат во општината доколку има подобрување на социјалната заштита која општината им ја нуди на своите граѓани.

Заклучок. Сознанијата добиени од анализата на моменталната состојба на општините во поглед на социјалната заштита упатуваат на неколку заклучоци:

- *Општините* во рамките на законските определби ги исполнуваат сите услови поврзани со социјалната заштита предвидена од страна на државата.
- *Мерките* во областа на социјалната заштита кои ги обезбедуваат општините се разликуваат; не се искористени можностите кои ги нуди законската регулатива.
- *Информираноста за мерките* во областа на социјална заштита не е на задоволително ниво. Потребно е потранспаретно информирање и обезбедување на поефикасен пристап до податоците, пред сè на веб-страниците на општините.
- *Младите луѓе* поседуваат минимална информираност; препознаваат мерки без да се свесни дека тие се дел од социјалната заштита на општината; не се заинтересирани да иницираат мерки кои им се потребни; ретко кој/а има идеја за нови мерки што би биле добри за младите во нивната општина; кога имаат идеја за некоја предлог – мерка ретко кога ја споделуваат со релевантни фактори од општините, кои би можеле тие идеи да ги спроведат во пракса.

ОБРАЗОВАНИЕ

Друга клучна задача на секоја држава е воспоставувањето на стабилен и функционален образовен систем кој ги задоволува потребите на граѓаните и го поддржува нивниот развој како идни чинители на нејзиниот напредок. Во тој контекст, определувањето насоки за развој на институционалниот и вонинституционалниот образовен процес претставува обврска не само на секоја држава, туку и на секој регион и општина во нејзин состав.

Образованието, пред сè институционалното, е утврдено како дејност од јавен интерес. Институционалното образование е поделено на: основно, средно и високо образование. Ингеренциите за организација на основното и средното образование во РСМ, кои се задолжителни, се доделени на локалната власт, додека нивната содржинска поставеност и контрола е во рамките на централната власт - Министерството за образование и наука.

Нормативна рамка. Законската регулатива на областа образование вклучува поголем број на закони: Закон за основно образование[15], Закон за средно образование[16] и Законот за локална самоуправа[17], Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа[18], Законот за образование на возрасни[19] и Законот за стручно образование и обука[20].

Делување на локалната самоуправа. Во зависност од големината на општината (територија и број на жители) во секоја општина се формирани основни училишта, а во поголемите и пред сè урбани општини формирани се и средни училишта. Според член 2 од ЗЛС општината покрај надлежноста да основа, финансира и администрира основни и

[15] Закон за основно образование, „Службен весник на РМ“, бр. 103/2008 год., ... 30/2016 год.
[16] Закон за средно образование, „Службен весник на РМ“, бр. 44/1995 год.,.... 30/2016 год.
[17] Закон за локалната самоуправа, „Службен весник на РСМ”, бр. 104/2019 год. и 146/2019 год.
[18] Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, „Службен весник на РМ“, бр 61/04 год., 96/04 год., 67/07 год., 156/09 год. и 47/11 год.
[19] Закон за образование на возрасните, „Службен весник на РМ“, бр. 7/2008 год., ... 64/2018 год.
[20] Законот за стручно образование и обука, „Службен весник на РСМ“, бр. 3 од 03.01.2025 год.

средни училишта, има надлежност и да организира превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови. Состојбата на општините во ППР во поглед на остварување на овие законски обврски е прикажана во Табела 3.

Табела 3. Преглед на застапеноста на различен вид институции во областа на образованието по општини

Општина	Основни училишта	Средни училишта	Универзитети	Институции (факултети)	Регионален центар за стручно образование и обука	Средношколски дом	Студентски дом
Битола	14	7	1	6	/	1	1
Прилеп	11	5	/	3	/	1	1
Долнени	7	1	/	/	/	/	
Ресен	5	1	/	/	/	/	
Демир Хисар	3	1	/	/	/	/	
Могила	3	/	/	/	/		
Крушево	2	1	/	/	/	/	
Кривогаштани	2	/	/	/	/		
Новаци	1	/	/	/	/		
Вкупно во регионот	48	16	1	9	0	2	2

Регистри на Министерството за образование и наука[21]

Во овој регион, во Битола се лоцирани и неколку високообразовни институции – универзитети и академии, меѓу кои е и вториот по старост државен универзитет – Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

[21] https://mon.gov.mk/mk-MK/dokumenti/lista-na-aktivni-registri, пристапено на 15.07.2025 год.

Анализата на регистарот на регионални центри за стручно образование и обука покажа дека вакви центри има само во 5 градови во државата: Куманово, Охрид, Тетово, Велес и Струмица. Ниту еден центар за стручно образование и обука не е формиран во град кој припаѓа на Пелагонискиот плански регион.

Воншколски активности кои придонесуваат за поголеми резултати во образованието и воспитувањето на децата и младите финансирани од општините има во форма на:

- музичко училиште (Прилеп – општинско и Битола – државно), и
- библиотеки (во урбаните средини – градски, а во руралните – подрачни библиотеки).

Анализата покажа дека општините не поддржуваат вонинституционалното образование од видот на центар за учење странски јазици, центар за стекнување на вештини (како што се изработка на предмети од дрво или пластика, филигран, резбарство, развој на ликовни вештини, стекнување на компетенции за циркуларна економија, иновации и претприемништво) или различни клубови за спортски активности.

Еден дел од вонинституционалните форми на образование, дообука и стекнување на вештини кои се најчесто присутни во урбаните средини се реализираат во граѓанските организации. Ваквата соработка најчесто е краткорочна и еднократна, во форма на проектна активност која што граѓанската организација ја нуди, и доколку општината тоа го оцени како потребно, го финансира со финансиски средства кои се дел од буџетот на општините за поддршка на граѓански организации.

Општините согласно законот се обврзани за формирање на Младински центри во општините. До овој момент формирани се десетина, од кои 3 во ППР: Битола, Новаци и Могила. Финансирањето на овие центри, а во нивни рамки и малл број граѓански организации добиваат континуирана финансиска помош во форма на трошоци за простор,

струја и други режиски трошоци. Овие центри често даваат и вакви услуги, но нивното финансирање од страна на општината е ретко и делумно, под исти услови како и другите граѓански организации кои не се лоцирани во Младинските центри.

Законската регулатива дава широка рамка на вонинституционални активности кои може да се основани или поддржани од општините: различни центри за образование, доквалификација и преквалификација на возрасни, и друго.

Организациска поставеност во областа образование. Согласно законската регулатива општините имаат надлежност да основаат јавни служби (член 24) или да формираат тела кои ќе се занимаваат со оваа проблематика. Општините за потребите на дејноста образование во рамките на својата администрација најчесто назначуваат лице – советник/чка.

Документација поврзана со областа образование. На општинско ниво документацијата поврзана со областа образование опфаќа: програми[22], стратегии[23] и акциски планови[24].


Резултати од теренското истражување. Состојбата со информираноста на младите во поглед на тоа дали општините преземаат мерки во областа на образованието е следна: 64,4 % од испитаниците знаат дека нивната општината презема мерки, 8,9 % сметаат дека општината не го прави тоа, а 26,7 % од испитаниците се изјасниле дека незнаат дали општината обезбедува услуги во областа на образованието.

На прашањето поврзано со препознавање на мерките кои општината ги презема во областа на образованието наброени се покрај основното, средното и високото образование, и

[22] Програмата за образование 2024 на општина Битола.
[23] Стратегија за образованието за 2018 – 2025 година и Акциски план.
[24] Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013 – 20 со Акциски план.

мерките за бесплатен превоз, мерката за стипендии, кои се препознати од испитаниците, додека одговорите на „мерка – курсеви за стекнување вештини“ се дадени на Слика 5.


Слика 5. Приказ на резултатите поврзани со понудената мерка дека општината организира курсеви за стекнување потребни вештини



Следната група на прашања беа во правец на креативноста на испитаниците и нивните желби во однос на воведување нови услуги во областа на образоваанието, од страна на општината. Само 1/3 од испитаниците имаат идеја како може да се подобри моменталната состојба со нивен предлог на мерки, за кои тие не разговаат со никого, а не посебно со лица кои учествуваат во процесите на носење политики или конкретни лица од општината во која живеат и кои би можеле да преземат активности во правец на воспоставување на таквата мерка.

На поставено прашање поврзано со можни мерки за тоа што е важно да го направи општината за младите луѓе во областа на образованието, позитивни ставови се добија на сите понудени мерки, прикажано на Слика 6.

Слика 6. Приказ на заинтересираноста на испитаниците за идни мерки на општината во областа на образование



Од понудените мерки посебно внимание привлекоа: обезбедување бесплатен училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства и организирање на работилници и курсеви за млади (дигитални вештини, претприемништво, екологија). За овие мерки позитивно се изјасниле скоро 1/3 од испитаниците. За отворање на општински центри кои нудат: дополнителна настава за ученици; курсеви за зголемување на дигиталните вештини на младите луѓе; обуки за земјоделски иновации, менаџмент, креирање проекти; и сл. се изјасниле 27% од испитаниците. За психолошка и педагошка поддршка со едукативен пристап; програми за практиканство/менторство во локални бизниси и институции; обезбедување безбедни пешачки патеки до училишта и ученички велосипеди се изјасниле 26% од испитаниците. За организирање на летни школи за стекнување вештини се изјасниле 25 % од испитаниците, за опремување на училници со интерактивни табли се изјасниле 24 % од испитаниците, и за формирање мобилни едукативни тимови за руралните средини се изјасниле 20 % од испитаниците.

Од добиените одговори повеќе од јасно е дека листата на мерки и услуги кои општината може да им ги даде на граѓаните е долга. За секоја од наведените услуги постои заинтересираност, што на општините им дава широк спектар за воведување на нови услуги во иднина.

Испитаниците во онлајн анкетата беа прашани и за нивната информираност во поглед на постоењето граѓански организации во општините кои се занимаваат во едукативни активности. Во составот на оваа група прашања беа вметнати и прашања преку кои требаше да се оцени перцепцијата на испитаниците за соработката на општините со граѓанските/невладини организации. Оваа група прашања вкучуваше: Дали во Вашата општина има (1) Невладини организации кои работат на тема подобрување на состојабата на граѓаните во образованието, (2) Дали овие невладини организации даваат обуки за здобивање или подобрување на вештините кои ги бара пазарот на труд, (3) Соработка меѓу општината и Невладини организации кои работат на тема подобрување на состојбата на граѓаните во областа на образованието, и (4) Грантови кои општината ги дава на овие здруженија. Состојбата е прикажана на Слика 6.

Слика 6. Приказ на резултатите поврзани со информираноста на младите за постоењето невладини организации во општината кои се занимаваат со едукација и нивна соработка со општината



Во добиените одговори од испитаниците доминира одговорот „незнам“ кој може да се толкува на два начини: испитаниците не се заинтересирани за било кој вид едукација надвор од формалното образование, или во општината нема невладини организации кои работат во областа на образованието, што упатува на недостаток на можности општината преку партнерство да помага за вонинституционална едукација.

Заклучок. Образованието како еден од темелите за одржлив развој на општините во Пелагонискиот плански регион како област реализирана на општинско ниво има потреба од проширување на постојните услуги со воспоставувањето на нови активности, пред сè насочени кон потребите на младите во правец на проширување на постоечките компетенциите и стекнување на нови вештини. Направената анализа која се однесуваше на образовната понуда во општините од ППР доведе до следните заклучоци:

- *Општините* во рамките на законските определби ги исполнуваат условите поврзани со организирање на основното и средното образование предвидено од страна на државата. Поголемите општини (урбаните општини и една рурална општина – Долнени) имаат вработен/а на позиција советник/чка за образование. Општините во

незначителен дел имаат соработка со граѓански организации кои извршуваат образовни (вонинституционални) услуги за сметка на општината, во вид на доделени грантови за проектни активности. Општините немаат формирани центри чија дејност е вонинституционално образование кое во континуитет би го финансирале.

- *Информираноста кај испитаниците за образовните услуги* не е на завидно ниво; во ситуација кога мерките се наведени, испитаниците ги препознаваат мерките кои нивната општина ги овозможува за граѓаните.
- *Младите луѓе* добро знаат кои нови мерки во областа образование би биле добри за граѓаните во нивната општина.

Воведувањето на вакви нови мерки (обука за стекнување на нови вештини или компетенции за младите), како и воншколски едукативни активности (учење на странски јазици, компјутери), општините може да ги постигнат само преку интегриран пристап и соработка, пред сè со граѓанските организации како проектна активност поддржана со грантови од општините или долгорочно финансирање на активностите.

ПРЕПОРАКА

Врз основа на актуелната состојба во општините во Пелагонискиот плански регион, предлогот кој произлезе од направената анализа и кој би можел да придонесе за подобрување на социјалната заштита и образованието на младите преку обезбедување на нова мерка од страна на општините е започнување со работа на:

„МЛАДИНСКИ POP-UP КЛУБ“

Основни информации за клубот:

Локација. Клубот би бил сместен во општинските МЦ кои претходно се формирани во општините и кои младите веќе ги посетуваат (пр. во Битола, Новаци и Кривогаштани).

- За програмскиот дел на функционирањето на клубот би бил задолжен постојниот советник/чка за образование и/или социјална заштита од општината.
- За делот на оперативното работење на клубот би биле задолжени граѓанските организации кои имаат своја канцеларија во МЦ во соработка со општината.
- Функционирањето на клубот би било препознатливо како **„недела на: претприемништвото/циркуларната економија/едукација за заштита од семејно насилство/психолошка поддршка/на семејството**...“.

Финансирање на активностите. Принципот на финансирање би бил преку *ваучери издадени од општините од каде потекнуваат младите луѓе вклучени во активностите. Би имало два типа на ваучери: за младите лица и за предавачите. (моделот да се развие допонително во консултација со општините, МЦ и ЦСР)

Услови за користење на услугите во клубовите од општините кои немаат формирано младински центри. За општините од ППР кои немаат формирано клубови, а сакаат да овозможат мерки за своите граѓани-младите луѓе да бидат вклучени во активностите, се предлага креирање на ваучер за јавен превоз до најблискиот МЦ во кој работи pop-up клуб.

Информирање на работата на клубовите. Од големо значење ќе биде навремено информирање на младите во сите општини за активностите на клубот и нивно вклучување под исти услови, независно од која општина потекнуваат.

ПРЕПОРАКА бр.1: Поддршка во социјалната работа преку Младинските Pop up клубови

Активностите поврзани со социјалната заштита во Младинските Pop up клубови би биле во правец на обезбедување **психосоцијална поддршка на младите луѓе преку средби со стручни лица во просториите на клубовите.** Клучна улога во реализацијата на оваа активност е вклученоста на граѓанските организации чија специјалност е психосоцијална поддршка и ментално здравје.

Видови активности:

- **Тематски групи за поддршка** насочени кон справување со стрес, анксиозност, ниска самодоверба и други психосоцијални предизвици;
- **Врснички групи за поддршка**, модерирани од стручни лица (психолози, психотерапевти или социјални работници);
- **Безбедни простори за дискусија** на чувствителни теми, во кои младите можат слободно и доверливо да ги споделат своите искуства и предизвици.

Начин на реализација:

- **Групна психосоцијална поддршка** како форма на превентивна и поддржувачка интервенција за младите луѓе.

Предвидените активности претставуваат **исплатливо решение** кое придонесува кон **намалување на стигмата поврзана со менталното здравје**, зајакнување на меѓусебната поддршка и подобрување на целокупната психосоцијална благосостојба на младите.

ПРЕПОРАКА бр.2: Поддршка во образованието преку Младинските Pop up клубови

Активностите поврзани со образованието во рамките на Младинските Pop up клубови би биле насочени кон **едукација на младите-практични обуки** и **менторство/помош при учењето** (пред сè ученици со ризик од слаб училишен успех во процесот на образование).

Видови активности:

- **Практични обуки** на различни за кои ќе се воочи интерес кај младите на теми кои имаат практична вредност, а не се изучуваат во формалното образование: домаќинство, одржување и поправки во домот, финансии и штедење, претприемништво и агро-бизнис вештини, итн.
- **Младинско менторство - учење од врсници** подразбира ученици од средните училишта и студенти да обезбедуваат образовна поддршка за помлади ученици од основно или средно образование (изработка на домашни задачи, подготовка за тестови и испити, техники на учење и мотивациска поддршка)..

Начин на реализација:

- Средбите се организираат **еднаш неделно**, во просториите на Pop-up клубовите.

- Обучувачите се **стручни лица од локалната заедница** кои ги пренесуваат своите знаења за вештините, додека менторите добиваат **кратка подготвителна обука** и **континуирана поддршка** од страна на општинскиот советник за образование и/или партнерските граѓански организации.

Предвидените активности претставуваат решение кое придонесува кон **унапредување на образовните резултати и личниот развој,** како и **социјалната инклузија** на младите луѓе преку структурирана поддршка и водство.

ОНЛАЈН ИЗВОРИ

[1] www.bitola.gov.mk

[2] www.prilep.gov.mk

[3] www.resen,gov.mk

[4] www.demirhisar.gov.mk

[5] www.krivogastani.gov.mk

[6] www.dolneni.gov.mk

[7] www.mogila.gov.mk

[8] www.novaci.gov.mk

[9] www.krushevo.gov.mk

[10] www.pelagonijaregion.mk